Бр./Nr 12-6830/4

30 -01- 2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99- та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-6830/1 од 06.07.2022 година, против лицето ______ _______, Јавен обвинител во Основното јавно онбинителство во Куманово **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-6830/1 од 06.07.2022 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 06.07.2022 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-6830/1 од 06.07.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека е незадоволен од начинот на кој се водела постапката и неразумниот период на спроведување на истата од страна на Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово, ______ _______, кој ја водел постапката од моментот на поднесување на кривична пријава во 2017 година.

Имено, заради долгиот и неразумен рок за одлучување по повод жалбата која пријавителот ја поднел против Решението на ОЈО Куманово I.КО бр.785/17 од 02.11.2021 година, со кое беше отфрлена кривичната пријава заради непостоење наводи за сомневање, против _______ _________ од Куманово, кој на ФЕЈСБУК профилот на име „________ _________“ и интернет порталот www._______.news, а на ден 07.08.2017 година, објавил и обелоденил за јавноста документи од доверлив карактер, степенувани со степен на класификација „ИНТЕРНО“ , ги злоупотребил неговите лични податоци, а исто така извршил и фалсификување на исправи, односно на самите документи додал текст што не постои во оригиналните списи на предметот.

Кривичната пријава е поднесена во 2017 година и истата нема исход, речиси пет години.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, односно Советот на јавни обвинители на РСМ.

Токму поради тоа, ДКСК со писмено бр.12-6830/2 од 12.10.200 година, до Советот на јавни обвинители, достави допис Доставување на предмет на надлежно постапување, при што во истиот ја образложи гореспоменатата ситуација и од Советот, како надлежен орган, го достави предметот на надлежно постапување, со барање за известување за утврдената фактичка состојба од постапувањето.

Од Советот, доставија Известување како одговор на дописот на ДКСК, во кое се вели дека на ден 07.07.2022 година претставката со иста содржина била доставена и до Советот на јавните обвинители на РСМ, која претставка со иста содржина е доставена и до Министерството за правда заведена под УПП бр. 08-229 од 11.07.2022 година и до Владата на РСМ Канцеларија на Претседател на Владата на РСМ 08-2205/2 од 19.07.2022 година, кои се препратени до Советот на надлежност и постапување.

Од страна на Советот на јавните обвинители, согласно надлежноста предвидена во член 9 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ се преземени дејствија за да се проверат наводите во претставката, па согласно член 28 став 1 од Законот за јавното обвинителство, до Вишото јавно обвинителство Скопје, на ден 25.08.2022 година е поднесено барање да се изврши надзор над работата на Основното јавно обвинителство Куманово во конкретниот предмет, за кое барање подносителот бил известен во истиот ден.

Вишото јавно обвинителство Скопје, по извршениот увид во списите на предметот, со Информација XI РО бр. 217/22-2 од 05.09.2022 година, го извести Советот за хронологијата на дејствијата преземени од страна на јавниот обвинител по предметот, со констатација дека по поднесената жалба

Од страна на оштетениот против решението на ОЈО Куманово, е донесено решение со кое жалбата на оштетениот се уважува како основана и се задолжува јавниот обвинител од ОЈО Куманово постапката против наведениот предмет да ја продолжи, а исто така со оглед на тоа дека предметот на ОЈО Куманово е од постар датум, на јавниот обвинител кој постапува по предметот со враќањето на списите од предметот од страна на ВЈО Скопје, му е укажано да се ажурира постапувањето по предметот и да донесе соодветна јавнообвинителска одлука во согласност со одредбите од ЗКП.

Имајќи во предвид, се погоре наведено ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, предметот го достави на надлежно постапување на Совет на јавни обвинители на РСМ

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот

Изготвил: П.Б
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk